ОПШТИНА ШТИП

МОS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-3579/1*
*14.05.2026 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 120, став 9 и член 126 одЗаконот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/2025) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА - ДИРЕКТОР НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА”- ШТИП

1. За вршител на должноста – Директор на Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” - Штип, се именува **Ана Јакимова – дипломиран професор по предучилишно воспитание.**
2. Вршителот на должноста - директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на Јавната установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” - Штип, **сметано од 14.05.2026 година.**
3. Се задолжува вршителот на должноста – директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.
4. Функцијата вршител на должност – директор ќе се извршува се до изборот на Директор на Јавната установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” - Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Вршителот на должноста Директор на Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” – Штип, Ана Јакимова – дипломиран професор по предучилишно воспитание,

*Општина Штип ул.„Васил Главинов“бр. 4Б,2000Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

се именува врз основа на член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/2025), поради престанок на вршење на функцијата на претходниот вршител на должност – Директор на Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена" – Штип, заклучно со 11.05.2026 година.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Општина Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*Доставено до:*

- *Архива*
- *Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Цириври Трена" – Штип*
- *Именуваниот*
- *Одделение за правно-нормативни работи и поддршка на Советот*